| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | **Изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани, во КО Сопотница, на КП бр.590 за КО Сопотница Општина Демир Хисар.** |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | **Друштво за производство, трговија на големо и мало, туризам, угостителство и услуги ОМНИА ПРОЕКТ ДОО увоз-извос Битола лиценца бр. П. 501/А** |
| Орган надлежен за подготвување и донесување на планскиот документ | **Градоначалник на Општина Демир Хисар** |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето за изработка на планскиот документ | **Михаел Димитровски- д.и.а** |
| Назив на работното место | **Овластен планер** |
| Контакт податоци за лицето | |

| | | |
|---|---|---|
| Основни податоци за планскиот документ | | |
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | |
| **Закон за просторно и урбанистичко планирање** | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | |
| **Се донесува нов плански документ.** | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување. | | |
| / | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА – наведете ја областа. | | |
| **Да, просторното и урбанистичкото планирање.                                        .** | | |
| Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен (пр. член 3 точка 1 алинеја 5) | | |
| **Не** | | |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен, наведете за каков проект станува збор. | | |
| **Не** | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животната средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | |
| **Да Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани со  повшина од 5085м2.** | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | |
| **-Ќе се оформи парцела со намена Е1.13, за поставување  површински соларни и фотоволтаични електрани.**<br>**- Клучна цел е формирање на градежна парцела на   КП бр. 590  за КО Сопотница Општина Демир  Хисар со намена Е1.13-  за поставување површински соларни и фотоволтаични електрани – градба за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност од 1MV.** | | |
| Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) | | |
| **просторно и урбанистичко планирање** | | |
| Периодот на донесување на планскиот документ | | |
| **Не е предвиден.** | | |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? | | |
| **Не е предвидено.** | | |
| Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) | | |
| **КП бр. 590 за КО Сопотница Општина Демир Хисар  со намена Е1.13- за поставување површински соларни и фотоволтаични електрани  со површина од 5058м2** | | |
| | ДА | НЕ |

| | | |
|---|---|---|
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. | | x |
| Дали е приложена копија од целите? | | x |

| | |
|---|---|
| Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата | **Просторниот концепт го сочинува следниот систем на класи на намена:<br>Е- Инфрастуктура.<br>Е1.13- површински соларни фотоволтаични електрани.<br>Влијанијата, кои се претпоставува дека може да поизлезат со имплементација на овој урбанистички проект, може да се разликуваат од аспект на негативени влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија.** |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | **Изградбата на предвидените содржини на предметната локација ќе има кумулативно влиание врз животната средина, кое пред се ќе се огледа на штетното влијание врз амбиенталниот воздух, поради зголемената фрквенција на возила, како и во зголемувањето на количеството на создаден отпад (комунален),во фазата на градба на планираните објекти.**<br>**Од проектот не се очекувват значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектини содржини на спаѓа во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето.** |
| Прекугранична природа на влијанијата | **Имплементацијата на овој плански документ нема прекугранични влијанија врз животната средина.** |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи) | **Нема опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина како резултат на несреќи и хаварии.** |

| | |
|---|---|
| | |
| Опсег и просторен обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната) | **Дефинираниот простор за изработка на наведениот плански документ-површински соларни фотоволтаични електрани е со површина од 5085м2.** |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| **Со планскиот документ ќе се добие исклучиво пзитивен ефект, во контекс на економските и социјалните влијанија, ќе се задоволат потребите на жителите од Демир Хисар и населените места.** | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ: | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | **На пределот каде што се планира изградба на Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани нема регистрирани недвижни споменици на културата.** |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или гранични вредности | **Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности.** |
| Интензивна употреба на земјиштето | **Имплементацијата на планскиот документ нема да предизвика промена во употребата на земјиштето.** |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја | **Локацискиот опфат наменет за реализација на планскиот документ се наоѓа во предел кој е рамничарски и е без значајни особености на предел со природни и пејсажни вредности.** |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите | |
| **Со планскиот документ предвидена е донесување на урбанистички проект за Е1.13-површински соларни фотоволтаични електрани со површина од 5058м2 во КО Сопотница во текот на постапката за издавање на одобрение за градба не е потребно да се изработи елаборат за животна средина.** | |
| Објаснете ја околината во близина на проектот, односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални објекти) | |
| **Планскиот документ предвидува донесување на урбанистички проект за Е1.13-површински соларни фотоволтаични електрани со површина од 5058м2 -која нема негативни влијанија врз резиденцијалните објекти во с.Сопотница.** | |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина, особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ продонесува кон одржливоста и намалувањето на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина, отколку некој образовен план на наставните планови) | |
| **Имплементацијата на планскиот документ нема значително влијание врз животната средина со оглед да влијанијата се минимални и ограничени на фазата на изведба. Во поглед на промовирањето на одржливиот развој,** | |

| |
|---|
| **имплементацијата на планскиот документ, ќе има позитивни влијанија во смисла на произвоство на електрична енергија.** |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ? Објаснете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои можат да го забават неговото спроведување, како и проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.) |
| **Нема еколошки проблеми релевантни за планскиот документ – во конкретениот случај се работи за Е1.13-површински соларни фотоволтаични електрани.** |
| Објаснете како планскиот докумет кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документи во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документи и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена. |
| **Планскиот документ е во корелација со Просторниот план и добиени се услови за планирање на просторот.** |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ. |
| **Нема спроведено предходна оценка.** |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина). |
| **Сите можни влијанија ќе се земат во предвид при реализација на планот, како и при издавање на одобрение за градење со обезбедување на услови за контроа на влијанието.** |

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Потврдуваме дека информациите дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | **Градоначалник,<br>Никола Најдовски** |
| Датум<br>12.12 2023.<br>Демир Хисар | М.П. |